РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2952/2
02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-тата седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2952/1 од 02.09.2020 година, против физичко лице, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што со пријавата не се опфатени службени лица.

Предметот со број 12-2952/1 од 02.09.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 02.09.2020 година, поднесена е пријава против физичко лице и оформен е предмет број 12-2952/1 од 02.09.2020 година.

Во пријавата подносителот изнесува наводи против физичко лице со кои се во роднинска врска, односно против сестрата на својот сопруг. Подносителот наведува дека таа се збогатила со парите кои и ги оставил нејзиниот татко и купила многу имот, куќи и станови за своите деца, а сакала да им наштети на подносителот и нејзините деца. Понатаму се изнесуваат наводи и против сопругот на пријавената, како и наводи за предизвикување пожар од страна на пријавеното лице.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавеното физичко лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk